


Македонските граѓани веќе неколкупати по ред испратија јасна и недвосмислена порака: довербата не се враќа со прес-конференции, туку со резултати. Сепак, раководството на СДС, предводено од Венко Филипче, како да одбива да ја прифати таа реалност. Наместо сериозна саморефлексија по седумгодишното владеење, повторно се нуди старата матрица – обвинувања, изговори и обид за релативизирање на сопствените грешки.

Споредбата меѓу Христијан Мицкоски и Венко Филипче, особено низ призма на нивните политички пристапи и одлуки, ја открива суштинската разлика меѓу два концепта на водење политика – разлика што граѓаните одамна ја препознаа и јасно ја санкционираа.

За време на владеењето на Зоран Заев и СДС, економијата често беше заложник на политички експерименти. Брзи и непромислени задолжувања, недоволно транспарентни договори, зголемена инфлација и пад на животниот стандард беа реалност за голем дел од населението. Наместо структурни реформи, се нудеа краткорочни мерки со маркетиншки ефект, кои на долг рок ја ослабнаа економската стабилност и ја продлабочија економската несигурност кај граѓаните.

Венко Филипче, како дел од тоа раководство, никогаш јасно не се дистанцираше од тие политики, ниту понуди критичка оценка за нивните последици. Напротив, реториката и денес е насочена кон оправдување, а не кон признавање на грешките, како економските, така и политичките.

Од друга страна, Христијан Мицкоски ја гради својата политичка позиција врз економска рационалност, фискална дисциплина и поддршка на домашното стопанство. Фокусот на продуктивни инвестиции, стабилни јавни финансии и јасни приоритети е концепт што директно одговара на потребите на граѓаните кои се изморени од импровизации и економски експерименти.

Но разликата не завршува само кај економските политики. Една од најголемите штети во периодот на владеење на Заев и Филипче беше систематското разнебитување на институциите. Наместо професионализам, често доминираше партиската лојалност. Клучни позиции се пополнуваа по политички, а не по стручни критериуми, што директно ја намали довербата на граѓаните во државата и во институционалниот поредок.

Во здравствениот сектор, кој Филипче директно го водеше, јавноста беше сведок на низа контроверзии, од кои многу никогаш не добија целосен институционален епилог. Наместо отчетност и јасни одговори, следуваа напади врз медиумите и политичките противници – стратегија што дополнително ја продлабочи недовербата и сомнежот во начинот на кој се водеше државата.

Од друга страна, Мицкоски инсистира на враќање на институционалниот интегритет и јасна линија на одговорност. Политичката порака што ја испраќа е дека државата не смее да биде партиски плен, туку сервис на граѓаните, со правила што важат подеднакво за сите.

Во тој контекст, неминовно се наметнува и прашањето за личното збогатување и моралниот кредибилитет. Венко Филипче и Зоран Заев се двајца луѓе кои во политиката влегоа без сериозен личен капитал, без значајни бизнис-биографии и без видлив имот. Едниот хирург, другиот земјоделец од Муртино, кои до влезот во високата политика за јавноста беа релативно анонимни фигури. Но по нивното владеење, имотната слика драматично се менува.

Со години во јавноста кружат прашања и сомнежи за енормното збогатување на ова политичко дуо: куќи во елитни скопски населби како Нерези, станови и објекти поврзувани со Дубаи, удели и акции во странски компании, па дури и во индиски авиокомпании, фирми во и надвор од државата со нејасно потекло на капиталот, како и луксузни подароци од компании што добивале државни тендери. Сето тоа никогаш не доби јасен, транспарентен и убедлив одговор пред јавноста.

Наместо расчистување на сомнежите, следуваше агресивна одбрана, напади врз медиумите и обиди секое прашање за имот и одговорност да се претстави како „политички прогон“. Но факт е дека во периодот на нивното владеење се создаде силна перцепција за власт која ја користи државата како алатка за лично и клановско богатење.

Токму тука лежи суштинската разлика.

Кај Христијан Мицкоски, јавноста гледа политичар кој не ја користи функцијата како средство за лично збогатување, туку инсистира на отчетност, институционалност и јасна линија меѓу приватното и јавното.

Кај Филипче и Заев, пак, останува впечатокот на политика како бизнис-модел, во кој власта е средство, а не обврска.

Три изборни порази по ред не се случајност, туку политичка дијагноза. Наместо да ја прифатат пораката, раководството на СДС се однесува како таа да не постои.

Филипче продолжува да зборува за „наводни“ грешки, додека граѓаните тие грешки ги чувствуваа секојдневно – во паричникот, во институциите и во општата несигурност.

Затоа разликата меѓу Мицкоски и Филипче не е само лична или партиска, туку концепциска.

Едниот нуди јасна визија и корекција на погрешните политики од минатото, другиот истите одлуки што ја доведоа СДС до историски ниска доверба.

Додека таа лекција не биде искрено научена, секој обид за политички камбек ќе остане без одговор кај граѓаните. А народот, како што веќе покажа, памети.